- Изготвен распоред за дополнителна и додатна настава за учебната 2023/2024 година, огласен во училиштето и доставен до ДПИ, согласно законскиот рок, најдоцна до 20.9.2023 година;
- Информирани и пријавени ученици за полагање на Државна матура, во законски пропишаниот рок; Беа пријавени сите ученици за полагање Државна матура. Освен тројца ученици од вкупно 40 редовни ученици и двајца вонредни, не положија Државна матура, а сите останати ја положија истата.
- Од страна на наставниците беа идентификувани учениците со потешкотии во учењето, како и особено талентираните ученици;
- Беше организирана работа во мали групи, односно на учениците им беа овозможени термини за дополнителна настава, по сите наставни предмети, за учениците со потешкотии во учењето.
- Беше организирана работа во мали групи, односно на учениците им беа овозможени термини за додатна настава по сите наставни предмети за особено талентираните ученици.
- Вонредните ученици добиваа постојана поддршка.



## 2. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ

Соработката на училишниот педагог со наставниците се манифестираше во различни форми:

- Водење на професионални досиеја на наставниците;

- Заедничко идентификување на учениците, кои покажуваа тенденција на заостанување во совладувањето на наставните содржини.

- Беше организирана дополнителна и додатна настава по сите наставни предмети, во однапред утврдени термини(распоред за дополнителна и додатна настава).

- Со раководителите на паралелките, континуирано беа воочувани недоследностите во водењето на педагошката документација и евиденција. Пополнувањето на педагошката документација се одвиваше електронски и во хартиена форма.

- Соработката со раководителите на паралелки од прва до четврта година, во средното музичко училиште, како и од прво до деветто одделение, во основното музичко училиште, во однос на решавањето на воспитните и другите проблеми во паралелката, се одвиваа континуирано, во текот на целата учебна година.

- Педагогот и раководителите на паралелки заедно работеа на изготвувањето и реализацијата на програмата за воспитна работа со класната заедница. Раководителите на паралелките направија избор на содржини од програмата Образование за животни вештини, согласно возраста на учениците и истите беа реализирани.

3. СОРАБОТКА СО ДИРЕКТОРОТ

Соработката со директорот се одвиваше преку :

- Организирање на состаноците на Наставничкиот совет.

- Работа во Училишната матурска комисија.

- Работа во Комисија за Самоевалуација на работата на училиштето.



4. СОРАБОТКА СО СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – БИБЛИОТЕКАР

Соработката со библиотекарот се одвиваше преку работата во училишната матурска комисија и во однос на организирање на презентации за професионална ориентација на учениците.

## 5. СОРАБОТКА СО РАКОВОДИТЕЛИТЕ НА ПАРАЛЕЛКИ И КЛАСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

- Педагогот соработуваше со раководителите на паралелки од прва до четврта година, при реализацијата на програмските теми во програмата за воспитна работа со класната заедница, односно за реализацијата на програмата Образование за животни вештини.

- Соработка со раководителите на паралелките во однос на водењето на педагошката евиденција и документација.

- Поддршка во водените разговори со родителите на учениците.

## 6. РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ВО НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ

- Организирање на состаноците на Наставничкиот совет во текот на учебната година.

- Сите информации на надлежните институции се проследени до наставниците;

- Наставничкиот совет беше информиран за воведувањето на сите новини наметнати од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат.



## 7. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

- Водени разговори со родили;

- Одржани средби со родители упатени на советување на родители;

- Пополнета пропишана документација за советување на родители;

- Родителите на учениците во прва година беа запознаени со имплементацијата на Законот за средно образование, кои се однесуваат на нив. На првата родителска средба, секој родител доби информативен пакет, со информации поврзани со училиштето, за кои сметавме дека ќе им бидат од корист на родителите и учениците;

- Индивидуални разговори со родителите на ученици беа водени на барање на родителите и на барање од страна на раководителите на паралелките, директорот, наставниците и педагогот.

8. СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИТЕ ВОН УЧИЛИШТЕТО

Соработката на педагогот со институциите се одвиваше преку:

- Изготвени и доставени барани податоци и информации до МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МВР- Штип, ДЗС и Локалната самоуправа на општина Штип;

- Комуникацијата со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат се одвиваше во континуитет.

9. ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- Увид во е-дневниците на паралелките;
- Водењето на педагошката евиденција и документација се одвиваше континуирано во соработка со наставниците и раководителите на паралелките.
- Професионалните досиеја на наставниците беа водени во континуитет.

ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА:  СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА

УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА, СО РЕШЕНИЕ БР.............................
ОД .............................ГОДИНА

Изготвил

______________________

Училишен педагог

Лилјана Неделковска

## *14.3. Извештај за работата на училишниот психолог за учебната 2024/2025 година*

ПОДАТОЦИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – ПРИПРАВНИК УЧИЛИШЕН ПСИХОЛОГ
Име и презиме: Бисера Николова
Завршено образование: „Универзитет Американ Колеџ Скопје“, Скопје, Факултет за политички науки, студиска програма психологија
Работно искуство во образовната институција: 01.01.2024 година – во тек

Стручниот соработник – приправник училишен психолог е под менторска програма за стручна поддршка од страна на Стручниот соработник – ментор училишен психолог Мануела Митревска Ристовска вработена во ДМУЦ „Илија Николовски - Луј“ во периодот од 05.02.2024 до 05.02.2025 година.

Во текот на учебната 2024/2025 година, улогата на училишниот психолог опфати низа одговорности во неколку клучни подрачја. Овие подрачја вклучуваат: работа со ученици, работа со наставници, работа со родители, соработка со заедницата, професионален развој и професионална соработка, аналитичко-истражувачка работа и училишна структура, организација и клима. Секоја од овие области дополнително се дели на специфични подподрачја, одразувајќи ја разновидната и сеопфатната природа во училишната средина.

1. Работа со ученици (индивидуална, групна и колективна работа)

- Обезбедување помош на учениците во учењето;
- Следење, поттикнување и поддршка на нивниот развој;
- Прегледување и следење на учениците пријавени за полагање Државна матура;
- Идентификување на ученици кои се соочуваат со предизвици во учењето
- Пружање сеопфатна поддршка за вонредните ученици
- Согласно Закон за наставниците и стручни соработници во основните и средните училишта во Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019, член 44 став 2 работа со ученици и Програмата за ментално здравје и психосоцијална поддршка во учебната 2024/2025 година се одржаа десет работилници со ученици од страна на стручната служба во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ Штип.

2. Работа со наставници

- Советување со класните раководители во врска со специфични ученици и настани во паралелката или поединечно;
- Помош и поддршка на наставниците во планирањето, реализирањето и самоевалуацијата во воспитно – образовниот процес;

- Поддршка на наставниците во нивната работа со учениците.

3. Работа со родители
- Одржани индивидуални и групни консултации и советувања со родители;
- Пополнета пропишана документација за индивидуални и групни советувања со родители;
- Вклучување на родителите во активностите и работењето на училиштето.

4. Соработка со институции вон училиштето
- Соработката беше реализирана со УЈП Ѓтип, ОО ЦКРСМ Штип, Гласен Текстилец Штип, ИЈЗРСМ, МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, Реактор – Истражување во акција и СОМА која се одвиваше во континуитет според потребите.

5. Професионален развој и професионална соработка во рамките на училиштето
- Ангажирање во континуиран професионален развој преку обуки и работилници, насочени кон унапредување на вештините и постојано ажурирање со нови образовни и психолошки практики;
- Координација на обуките за наставниците и стручните соработници во рамки на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието„ во организација на ГОПА, акредитирана од страна на МОН;
- Поттикнување унифициран пристап за решавање на потребите на учениците и промовирање на поддржувачка образовна клима.

➢ Планирање, програмирање и организирање на воспитно – образовната работа

  Психологот оваа година учествуваше со соработка и во изработка на:
- Програма за работата на психологот
- Годишен Извештај за работата на училиштето;
- Податоци за Самоевалуација;
- Податоци за Статистички извештаи за учениците од основното и средното музичко училиште за учебната 2024/2025 година за потребите на Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието и Државниот завод за статистика;
- Присуствуваше на Наставнички совети и Совет на родители;
- Извештаи за успех и поведение на учениците од основно и средно образование.

➢ Советодавно – консултативна работа
- Индивидуални советувања со ученици за училишни, семејни и приватни предизвици;
- Групни советувања со ученици;
- Индивидуални и групни советувања со родители;
- Нагласување на наставниците и класните раководители за специфичниот адолесцентен период на учениците при индивидуални развогори;
- Советување со наставниците за специфичностите на одредени ученици;
- Советување и мислење на класните раководители при подготовка за водење на класни часови (сензитивни теми).

➢ Соработка со заедницата

- Соработка со стручната служба во училиштето,
- Соработка со надлежни институции ( ДЗС, МОН, БРО, СВР, ЦКРСМ)
- Соработка со специфична институција (КПРМ)

➢ Професионален развој и професионална соработка
- Учество на тековно организирани работилници и обуки кои се реализираа во рамки на Програмата за ментално здравје и психосоцијална поддршка

➢ Аналитичко – истражувачка работа
- Споредување и анализа на податоци на ученици (постигања) со изминати години од претходна Самоевалуција и Годишен Извештај

УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА, СО РЕШЕНИЕ БР_________ОД_________ГОДИНА.

Изготвил

_____________________

Училишен психолог

Бисера Николова

## *14.4 Извештај за работата на училишниот библиотекар за учебната 2023/2024 година*

# ИЗВЕШТАЈ ЗА

# РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ БИБЛИОТЕКАР

ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШНИОТ БИБЛИОТЕКАР:
Име и презиме: Александра Михајлова
Стручна оспособеност:

- Универзитет „Св. Кирил Методиј“- Скопје ,

Педагошки факултет „Гоце делчев“- Штип, одделенска настава,
**дипломиран професор во одделенска настава**

- Универзитет „Гоце Делчев“- Штип,

Факултет за образовни науки, насока педагогија,
**дипломиран педагог**
Време на работно искуство во образовната институција: од 1.9.2010 год.




## ШТИП – АВГУСТ 2024 ГОДИНА

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Библиотекарот на училиштето во текот научебната 2023/24 година, успешно соработуваше со наставниот кадар и учениците на полето на популаризација на книгата како и зголемување и одржување на библиотечниот фонд, притоа запазувајќи ги протоколите за заштита донесени од МОН;

1. Работеше на издавање, евидентирање и подредување на книжниот фонд;

2. Сигнирање, потпечатување на книжниот фонд на ново добиените учебници и книги (имавме донација на нотна и стручна литература од синот на покојната колешка Санда Бикова);

3. Вршеше подлепување, заштита на дотраениот книжен фонд;

4. Изработуваше Записници бр. 1, 2 и 3 од Правилникот за прием и складирање на учебници;

5. Нарачка на учебници преку електронски формулар за тековната учебна година;

6. Работеше на издавањето на книги на учениците и тесно соработуваше со наставниот кадар информирајќи го за библиотечниот фонд преку изработен Каталаг на целокупниот библиотечен фонд со кој располага училишната библиотека;

7. Ја координираше работата при приемот на бесплатните учебници и враќањето на истите во училишната библиотека;

8. Ги спроведуваше сите активности околу доделувањето на бесплатните учебници, давање насоки за нивно чување во текот на годината, зашто изгубените и оштетени учебници се плаќаат;

9. Запознавање со учениците од прва година со начинот на работење на училишната библиотека;

10. Активноста на библиотекарот оваа година беше насочена и кон адаптација на новиот простор за училишна библиотека која во второто полугодие од учебната 2023/24 год. беше дислоцирана;

11. Комплетен интерен попис на сите библиотечни единици со кои располага училишната библиотека по дислоцирање на истата;

12. Им помагаше на учениците во изнаоѓање на соодветни содржини за изработка на ученички проекти произлезени од реализацијата на наставната програма, им испраќаше електронски нотна литература на учениците за кои во училишната библиотека нема библиотечни единици;

13. Известување на учениците за можност на стипендии и резултати од истите;

14. Редовен учесник на наставничкиот совет;

15. Дел е од Тимот за изработка на Годишниот извештај и Годишната програма;

16. При запишување на ученици зазема учество како тестатор - надгледувач за спроведување на тестот по општа музичка култура;

17. Успешно соработуваше со директорот, педагогот, психологот и класните раководители;

18. Изработка на список на учебници и нотна литература која се користи во училиштето според наставниот план и програма;

19. Соработуваше со ОО Црвен Крст, Штип, во првото полугодие се организираше крводарителска акција во училиштето;

20. Беше дел од ЕКО акцијата, чистење на дворот;

21. Реализираше симулирана вежба - брза евакуација во училиштето во случај на земјотрес и пожар;

22. Изработи нов План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

23. Ги известуваше учениците за литературни конкурси, саем на книга, промоции на книги во НУБ„Гоце Делчев“, Штип.

**ИНДИКАТОРИ**

1. Записници од прием бр.1, доделување бр.2 и враќање бр.3 на учебници;
2. Список на учебници и нотна литература;
3. Формулар за електронска нарачка на учебници;
4. Каталог на целокупниот библиотечен фонд со кој располага училишната библиотека стои на располагање на сите вработени во наставничката канцеларија;
5. Техничка обработка (потпечатување,сигнирање и инвентарирање на новите учебници и лектирни изданија односно на целокупниот библиотечен материјал;
6. Решение и одлука од директор за одредување тестатор – надгледувач и дел од тимот за изработка на Годишниот извешта и Годишната програмај;
7. Извештаи до директорот за работата на училишната библиотека за прво и второ полугодие со вкупен број на искористена литература;
8. Годишна програма и Годишен извештај за работата на училишниот библиотекар;

9. Извештај од интерен попис во склоп на извештајот од второ полугодие за работата на училишната библиотека;
10. Извештај од спроведена симулирана вежба-брза евакуација
11. Нов План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи
12. Записник од спроведен инспекциски надзор од страна на ЦУК, РСМ

## ПОДРАЧЈЕ НА ДЕЛУВАЊЕ

Работата на училишниот библиотекар во учебната 2022/2023 година се одвиваше во рамките на 13 подрачја:

- Техничка обработка но библиотечен материјал
- Работа со учениците
- Соработка со раководители на паралелките
- Работа со наставниците
- Соработка со комисијата за учебници
- Соработка со директорот на училиштето
- Соработка со родителите на учениците
- Соработка со тимот за изработка на годишна програма и извештај на училиштето
- Соработка со тимот за спроведување на симулирана вежба-брза евакуација
- Учество во комисија на ЕКО одбор
- Соработка со педагогот и психологот како дел од стручната служба на училиштето
- Соработка со аминистративната служба на училиштето
- Соработка со институциите вон училиштето
-

## 1. ТЕХНИЧКА ОБРАБОТКА НА БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ

- Издавање и враќање на книги
- Евидентирање и подредување на книжниот фонд;
- Потпечатување, сигнирање и инвентарирање на новите учебници и лектири односно на целокупната библиотечна граѓа;
- Подлепување, заштита на дотраениот книжен фонд;
- Водење на библиотечна книга за задолжување;
- Изготвување на список на учебници и нотна литература кои ги користат наставниците според наставен план и програма во текот на учебната година;
- Нарачка на учебници;
- Прием, доделување и враќање на учебници според Правилникот за прием и складирање на учебници;

## 2. РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

- Запознавање на ново запишаните ученици при доделувањето на учебници со библиотечниот фонд со кој располага училишната библиотека;

- Задолжување на учениците со комплети на учебници кои на крајот од учебната година треба повторно да се вратат;

- Информирање за нивно чување, зашто оштетените и изгубени учебници се плаќаат (на страната на МОН постојат уплатни сметки и ценовник за оштетени изгубени учебници за средно образование);

- Секојдневно издавање и враќање на книги и стручна музичка литература;

- Помагање на учениците во изнаоѓање на соодветни содржини за изработка на ученички проекти произлезени од реализацијата на наставната програма со дадена можност и за скенирање;

- Известување на учениците за нова стручна музичка литература или ако има надополнување на лектирните изданија;

- Известување на учениците преку нивните класни раководители за онлајн предавања, учество на онлајн литературни конкурси, можност за стипендии и разултати од истите;

- Оспособување на учениците за самостојно, брзо и ефикасно барање и пронаоѓање на потребни информации за одредена литература со која ќе се служат во училишната или друга библиотека;

- во случај кога нема библиотечни единици за некоја нотна литература електронски им се испраќаше нотна литература на учениците кои имаа потреба од материјал за вежбање или стручна литература за изработка на проектни задачи;

- симулирана вежба-брза евакуација и кратко објаснување на учениците како треба да се однесуваме во случаи на земјотрес и пожар.

- тестатор на ново запишани ученици;

- организираше крводарителска акција со учениците во прво полугодие и ги извести за учество на Општински натпревар по прва помош во второто полугодие од учебната година кој не се одржа поради презафатеност на учениците со натпревари и концерти.

## 3. СОРАБОТКА СО РАКОВОДИТЕЛИ НА ПАРАЛЕЛКИТЕ

- На почетокот на учебната година раководителите на паралелките се задолжуваат со комплети на учебници кои треба да ги доделат на учениците и на крајот од учебната година повторно да ги вратат истите во училишната библиотека;

- Комуникацијата и соработката со секој раководител на паралелка се одвива непречено во текот на целата учебна година во однос на изгубени, оштетени учебници и книги, начинот на обештетување и враќање итн.

- Соработка со класните раководители во текот на целата учебна година - еко активности, известувања за литературни конкурси, стипендии и резултати од истите, предавања и крводарителски активности, натпревар за Прва помош известување за онлајн литературни конкурси, упатство да се прочита на класните часови како да се постапи за време на пожар и земјотрес, симулирана вежба-брза евакуација итн.

## 4. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ

- Наставниците се информираат со фондот на книги со кој располага училишната библиотека преку каталог кој секоја учебна година се надополнува и им стои на располагање во наставничката канцеларија ;

- за начинот на издавање и враќање на книгите;

- советодавна помош за однесување за време на кризна состојба – пожар;

- заеднички со тимот од наставници е реализирана симулирана вежба- брза евакуација во училиштето ;

- дел од Тимот за изработка на Годишниот извештај и програма на училиштето;

- крводарителска акција од ОО „Црвен крст“, Штип и натпревар по Прва помош.

## 5. СОРАБОТКА СО КОМИСИЈА ЗА УЧЕБНИЦИ

- Утврдување на состојбата на вратените учебници;

- Прием на нови учебници, нивно распределување и техничка обработка

- Изработка на записници за прием на учебници - образец бр.1, записници за доделување на учебници - образец бр.2 и записници за враќање на учебници- образец бр.3;

## 6. СОРАБОТКА СО ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО

- Соработка со директорот како претседател на комисијата за бесплатни учебници

- Присуство на наставнички совет;

- Месечни, тековни, полугодишни и годишни известувања за прием и враќање на книжниот фонд во училишната библиотека;
- Со одлука на директор назначен за тестатор на ново запишани ученици и дел од тимиот за изработка на Годишен извештај на училиштето;
- Како одговорно лице за спречување на кризи во спроведување на предавања од страна на ОО „Црвен крст“, Штип и крводарителска акција

- Реализирана симулирана вежба-брза евакуација;

- Континуирана соработка со директорот во текот на целата година, испраќање на обуки итн..

## 7. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО

- Родителите се активни учесници во процесот на прием и враќање на учебници;
- Известување за начинот на плаќање за изгубени и оштетени учебници;
- Мотивирање за донирање на книги и друга стручна музичка;

## 8. УЧЕСТВО ВО КОМИСИЈА НА ЕКО - ОДБОР ВО УЧИЛИШТЕТО

- Активно учество во изработка на ЕКО планот на активности и анализа на сите зададени ЕКО теми;

- ЕКО активности- чистење на училишниот двор

## 9. СОРАБОТКА СО ПЕДАГОГОТ И ПСИХОЛОГОТ КАКО ДЕЛ ОД СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА УЧИЛИШТЕТО

- Соработката помеѓу стручната служба на училиштето – педагогот, психологот и библиотекарот е континуирана во текот на целата година;

## 10. СОРАБОТКА СО АДМИНИСТРАТИВНАТА СЛУЖБА НА УЧИЛИШТЕТО

Заеднички планирања со книговодителот за искористување на месечните финасиски средства од буџетот наменети за обновување на книжниот фонд

- на библиотеката, како и доставување на годишен преглед на вкупниот библиотечен фонд;

- Тековна соработка со секретар, благајник и архивар на училиштето

## 11. СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИТЕ ВОН УЧИЛИШТЕТО

- Тековна соработка со НУУ Библиотека „Гоце Делчев“- Штип: известување за учество на литературни конкурси, предавања, промоции на книги

- Информирање за можност за стипендии од страна на МОН и соопштување резултати од истите;

- Соработка и со другите училишни библиотеки , размена на искуства;

- Соработка со ОО „Црвен Крст“, Штип ;

- Комуникација и соработката со Педагошката служба при Министерството за образование и наука во однос на формуларот за нарачка на учебници се одвиваше постојано;

- Соработка со ЦУК, Влада на Република Северна Македонија, инспекциски надзор ;

**ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ БИБЛИОТЕКАР ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА: _____ СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА**

**УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ БИБЛИОТЕКАР ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ БР........................ ОД ........................ ГОДИНА**

**Изготвил:**

________________________

**Училишен библиотекар**

**Александра Михајлова**

## *14.5 Извештај за работата на Одделот по Пијано за учебната 2023/2024 година*




АВГУСТ 2024 ГОДИНА

**ВОВЕД**

Извештајот за работата на одделот по пијано при ДМУЦ „Сергеј Михајлов” – Штип е изработен според Законот за основно образование и средно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 20223/2024 година.

Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално - техничките услови за работа во училиштето по предметот пијано, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, облиците на наставна и воннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

## *I ОПШТИ МАТЕРИЈАЛНО – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ*

Наставата по предметот пијано во ДМУЦ „Сергеј Михајлов” - Штип се реализира преку индивидуална настава, за која се потребни поголем број на кабинети. Со доградба на кабинети на кровот кои беа пуштени во употреба во учебната 2010/2011 година, во голем дел го решија проблемот од просторен недостаток, а наставата се реализираше во современи услови, кои придонесоа за постигнување на поголем успех на учениците.

## *II ВОСПИТНА ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ*

### <u>А. НАСТАВА</u>

Наставата по преметот пијано во училиштето се одвиваше според наставниот план за СРЕДНИ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА во двата профила: **Музичар изведувач и Музичар теоретичар** и според наставниот план за уметнички училишта на Р. Северна Македонија. Предметот пијано во ДМУЦ „Сергеј Михајлов” - Штип го изучуваат и учениците од Основното музичко училиште според наставните планови и програми донесени од МОН на Р.Северна Македонија.

Наставата по предметот пијано, предвидена за учебната 2023/2024 година. во целост беше реализирана. Истата е предвидена со наставен план, според изготвените годишни глобални планови, тематските планови и подготовки за самите наставни единици.

Наставата по пијано успешно ја реализираа 28 наставници.

Во текот на учебната 2023/2024 година, придонесот во воспитно-образовната работа беше на потребно ниво преку ангажирање на Советот на родителите, Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Директорот, класните раководители, координаторите на оддели и сите други вработени во доменот на своето работно место и своите работни задачи.

### ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на година се одржуваат преслушувања, на кои учениците јавно настапуваат пред наставниците. На овие преслушувања се формираат комисии во кои учествуваат наставници и јавно за секој ученик се дава мислење за неговиот

напредок и развој во изучувањето на предметот пијано. Конечната оцена освен од јавните преслушувања, ученикот ја добива преку своите јавни настапи кои се одржуваат преку целата учебна година.

На крајот на учебната година беше организирана дополнителна настава за учениците кои имаа негативни оценки по предметот пијано. За учениците кои не покажаа позитивни резултати на дополнителната настава, се организираа поправни испити.

На крајот на првото и второто полугодие наставниците од класата по пијано со своите ученици приредија јавни часови и концерти со кои јавно ги покажаа постигнувањата во изучувањето на предметот пијано.

Во текот на учебната 2023-2024,учениците од основното и средното музичко училиште-оддел пијано,имаа можност да земат учество на пијано семинари кај еминентни пијанисти,кои беа гости во нашето училиште.

Семинарите беа организирани во соработка со Директорот на училиштето и координаторот на одделот.

Семинарите беа под раководство на:

- Марија Ѓошевска – Македонија.

На наше огромно задоволство се воспостави соработка меѓу нашето училиште и училиште во Јапонија, во која учество зедоа ученици од повеќе оддели. Од пијано одделот настапи ученичката Златица Лазарова од класата на Професор Благој Јанев. Настанот беше спроведен виртуелно онлајн во концертната сала на нашето училиште.

Покрај големиот број одржани концерти, натпревари, јавни часови, како најголем настан на пијано одделот го издвојуваме изданието на „**Piano Day**“ каде што настапија повеќе од 80 учесници, реализирани низ два последователни концерти.

**Табеларни прикази од критериумите за оценување по предметот**

## ОДДЕЛ ПИЈАНО

**Вреднување на способностите на учениците за јавно изведените композиции**

| способности | бодови |
|---|---|
| коректно прочитан текст | 15 |
| интерпретација | 15 |
| чувство за стил | 20 |
| техничка задача и моторика | 25 |
| ритам,фраза,педал,тон и динамика | 25 |
| ***вкупно бодови*** | 100 |

| Бодови | Оцена |
|---|---|
| 95-100 | 5 |
| 85 - 94 | 4 |
| 75 - 84 | 3 |
| 50 - 74 | 2 |
| 1 - 4 9 | 1 |

| реден број | способности | | | | | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | име | презиме | година | коректно прочитан текст | интерпре тација | чувство за стил | техичка задача и моторик а | ритам,фр аза,педал , динамика, тон | |
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | | | |
| 12 | | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | | | |
| 15 | | | | | | | | | |
| 16 | | | | | | | | | |
| 17 | | | | | | | | | |
| 18 | | | | | | | | | |
| 19 | | | | | | | | | |
| 20 | | | | | | | | | |
| 21 | | | | | | | | | |
| 22 | | | | | | | | | |
| 23 | | | | | | | | | |
| 24 | | | | | | | | | |
| 25 | | | | | | | | | |
| 26 | | | | | | | | | |
| 27 | | | | | | | | | |
| 28 | | | | | | | | | |
| 29 | | | | | | | | | |
| 30 | | | | | | | | | |
| 31 | | | | | | | | | |
| 32 | | | | | | | | | |
| 33 | | | | | | | | | |
| 34 | | | | | | | | | |

Сите настапи, учества на натпревари и освоени награди се наведени погоре во извештајот во точка 3.14.

**ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛОТ ЗА ПИЈАНО ГО ИЗГОТВИЈА:**

**проф. БЛАГОЈ ЈАНЕВ - КООРДИНАТОРОТ НА ОДДЕЛОТ**
**м-р БИСЕРА ИВАНОВА ЃОРГИЕВА**

## *14.6 Извештај за работата на Одделот по Жичени инструменти за учебната 2023/2024 година*

# *ГОДИШЕН И З В Е Ш Т А Ј*

## *ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛОТ ЗА ЖИЧЕНИ ИНСТРУМЕНТИ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА*



**АВГУСТ 2024 ГОДИНА**

# ВОВЕД

Извештајот за работата на жичениот оддел при ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов,, - Штип ,изработен според Законот за основно образование и средно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024година.

Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално - техничките услови за работа во училиштето по предметите за жичени инструменти, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, облиците на наставна и вонннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

# I ОПШТИ МАТЕРИЈАЛНО – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

Наставата по предметите за жичени инструменти во ДМУЦ “Сергеј Михајлов” - Штип се реализира преку индивидуална настава, за која се потребни поголем број на кабинети. Со доградба на кабинети на кровот кои беа пуштени во употреба во учебната 2010/11година, во голем дел го решија проблемот од просторен недостаток, а наставата се реализираше во современи услови, кои придонесоа за постигнување на поголем успех на учениците.

# II ВОСПИТНА ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## А. НАСТАВА

Наставата по предметите за жичени инструменти во училиштето се одвиваше според наставниот план за СРЕДНИ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА во двата профила: **Музичар изведувач и Музичар теоретичар** и според наставниот план за уметнички училишта на Р.С. Македонија. Предметите за жичени инструменти при ДМУЦ "Сергеј Михајлов" - Штип ги изучуваат и учениците од Основното музичко училиште според наставните планови и програми донесени од МОН на Р. С. Македонија

Наставата предвидена за учебната 2023/2024 год. во целост беше реализирана, предвидена со наставен план, според изготвените годишни глобални планови, тематските планови и подготовки за самите наставни единици.

Наставата по жичени инструменти (виолина,виола,виолончело,гитара контрабас,)успешно ја реализираа 10 натавника со соодветно образовние, според НОРМАТИВОТ за наставен кадар, од кои 9 се во редовен работен однос – неопределено работно време, 1 наставник со определено работно време .

Во текот на учебната 2023/2024 година, придонесот во воспитно образовната работа беше на потребно ниво преку ангажирање на Советот на родителите, Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Директорот, класните раководители, координаторите на оддели и сите други вработени во доменот на своето работно место и своите работни задачи.

# ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на годината се одржуваат преслушувања, на кои учениците јавно настапуваат пред наставниците. На овие преслушувања се формираат комисии во кои учествуваат наставници и јавно за секој ученик се дава мислење за неговиот напредок и развој во изучувањето на било кој од инструментите од одделот. Конечната оцена освен од јавните прслушувања, ученикот ја добива преку своите јавни настапи кои се одржуваат преку целата учебна година и годишниот испит кој се одржува на крајот од учебнтата година.

На крајот на учебната година беше организирана дополнителна настава за учениците кои имаа негативни оценки по предметите. За учениците кои не покажаа позитивни резултати на дополнителната настава се организираа поправни испити

На крајот на првото полугодие скоро сите наставници од одделот за жичени инструменти со своите ученици одржаа јавни часови и концерти со кои јавно ги прикажаа постигнувањата на учениците во изучувањето на инструментите од овој оддел,а на крајот на второто полугодие на 20.05.2024 година се одржа Годишен концерт на Основното и Средното на одделот за жичени инструменти на ДМУЦ-“Сергеј Михајлов”-Штип.

# Табеларен приказ од критериумите за оценување на одделот за жичени инструменти

## ОДДЕЛ ЗА ЖИЧЕНИ ИНСТРУМЕНТИ

### ВРЕДНУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ЈАВНО ИЗВЕДЕНИТЕ КОМПОЗИЦИИ

**СПОСОБНОСТИ**

| | |
|---|---|
| 1.КОРЕКТНО ПРОЧИТАН ТЕКСТ | 15 БОДОВИ |
| 2.ИНТЕРПРЕТАЦИЈА | 15 БОДОВИ |
| 3.ЧУВСТВО ЗА СТИЛ | 20 БОДОВИ |
| 4.ТЕХНИЧКА ЗАДАЧА И МОТОРИКА | 25 БОДОВИ |
| 5.РИТАМ ,ФРАЗА,ТОН И ДИНАМИКА | 25 БОДОВИ |
| **ВКУПНО:** | **100 БОДОВИ** |

| БОДОВИ | ОЦЕНА |
|---|---|
| 95-100 | 5 |
| 85-94 | 4 |
| 75-84 | 3 |
| 50-74 | 2 |
| 1-49 | 1 |

**ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ  ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛОТ ЗА ЖИЧЕНИ ИНСТРУМЕНТИ ГО ИЗГОТВИ  КООРДИНАТОРОТ  НА ОДДЕЛОТ**

**ШТИП АВГУСТ 2024**

**Координатор на одделот**

**м-р Дејан Лазаревски**

## *14.7 Извештај за работата на Одделот по Дувачки инструменти за учебната 2023/2024  година*

**ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов“ - Штип**

# ***Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј***

***ЗА РАБОТАТА НА Дувачкиот оддел ВО УЧЕБНАТА***

***2023/2024 ГОДИНА***

19.08.2024

ВОВЕД

Извештајот за работата на дувачкиот оддел при ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов,, - Штип е изработен според Законот за основно образование и средно образование, Статутот на училиштето, годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година.

Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално - техничките услови за работа во училиштето по предметите од индивидуална настава, организацијата и начинот на остварување на воспитно - образовната работа во училиштето, облиците на наставна и вонаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето,

вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

## I ОПШТИ МАТЕРИЈАЛНО – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

Наставата по предметите во дувачкиот оддел, од индивидуална настава во ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов,, - Штип се реализираше со физичко присуство и започна на почетокот на месец Септември 2023 . Наставата се изведуваше според наставните планови и програми донесени од страна на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование на Р.С.Македонија.

## II ВОСПИТНА ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### А. НАСТАВА

Наставата по предметите во училиштето се одвиваше според наставниот план за СРЕДНИ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА во двата профили: **Музичар изведувач и Музичар теоретичар** и според наставниот план за уметнички училишта на Р. Македонија.

Наставата предвидена за учебната 2023/2024 год. во целост беше реализирана според програмите по предметите во дувачкиот оддел предвидена со наставен план, според изготвените годишни глобални планови, тематските планови и подготовки за самите наставни единици.

Наставата по предметите во дувачкиот оддел успешно ја реализираа наставниците со соодветно образовние, според НОРМАТИВОТ за наставен кадар.

Во текот на учебната 2023/2024 година, придонесот во воспитно образовната работа беше на потребно ниво преку ангажирање на Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Директорот, класните раководители, раководителите на оддели и сите други вработени во доменот на своето работно место и своите работни задачи.

Во текот на годината се реализираа следниве приоритетни задачи :

- Постигање на трајни знаења и нивна примена;
- Учество на повеќе јавни настапи, Новогодишни концерти ,

Велигденски Концерт со “Биг бенд” оркестарот на училиштето составен од наставниците и учениците, Државни и меѓународни натпревари;

- Учество на нашите ученици и наставници на повеќе семинари ,
- Поголема комуникација и почитување помеѓу наставниците;
- Поголема комуникација и почитување помеѓу наставниците и учениците;

Првата приоритетна задача се реализираше континуирано во текот на целата учебна година со употреба на разни техники и методи, стимулативна средина за учење, фокусирање на реализација на целите од наставниот предмет со вклучување активности, настава во далечина и други современи технички помагала за реализација на целите, како и реализација на ЕКО стандардите за време на наставните часови.

Втората приоритетна задача се реализираше во месец Декември односно традиционалниот Новогодишен концерт и во месец Мај односно Велигденскиот концерт.Тука спаѓаат и учествата на Државни и Меѓународни натпревари,како и многубројни други гостувања и концерти, јавни настапи и многубројни семинари.

Поголема комуникација помеѓу наставниците е остварена преку работа на заеднички проекти, еко-проекти, изготвување наставни помагала, консултации , подготовка на материјали за работа и др.

Комуникацијата и почитувањето помеѓу наставниците и учениците е остварена преку поттикнување интерес кај учениците за совладување на целите од наставниот предмет, применување современи средства и помагала, проучувањето и учењето се прилагодува на ситуацијата и контексот, разговори за нивната идна професија и сл.

Наставниците учествуваа во работата на стручните активи. Како и секоја учебна година, така и оваа година се одржаа Државни и Меѓународни натпревари .

**Во текот на учебната 2023/24 година хорот и оркестарот од средното и основното училиште одржаа голем свечен Велигденски и Новогодишен концерт како и голем број на други настапи.**

**<u>Учество на учениците:</u>**

- Јавни часови организирани од страна на наставниците и нивните ученици од дувачкиот оддел училиштето;

- Концерти на фолклорни ансамбли и народни инструменти,

- Концерти по Соло пеење ,

-Концерти по Хармоника,

-Концерти по Камерна музика,.

-Концерти по Флејта

Учество на семинари по труба,кларинет,саксофон

Во текот на учебната 2023/24 година учениците и наставниците од дувачкиот оддел учествувааа на повеке Државни и Меѓународни натпревари.Некои од натпреварите беа со физичко присуство а некои преку елетктонска комуникација, каде што учениците од ДМУЦ “Сергеј Михајлов” се стекнаа со многубројни награди и признанија.

**Извештајот го изготвил раководителот на Дувачкиот оддел:**

**наставник м-р Виолета Арсовска**

## *14.8 Извештај за работата на Теоретскиот Оддел за учебната 2023/2024 година*

***Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј***

***ЗА РАБОТАТА  НА ТЕОРЕТСКИОТ ОДДЕЛ ВО УЧЕБНАТА***

***2023/2024 ГОДИНА***

ЈУЛИ  2024  ГОДИНА

ВОВЕД

Извештајот за работата на теоретскиот оддел при ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов,, - Штип е изработен според Законот за основно образование и средно образование, Статутот на училиштето, годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година.

Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално - техничките услови за работа во училиштето по предметите, организацијата и начинот на остварување на воспитно - образовната работа во училиштето, облиците на наставна и вонннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

## I ОПШТИ МАТЕРИЈАЛНО – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

Наставата по предметите во ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов,, - Штип се реализира преку групна настава во поголем број кабинети. Наставата се реализираше во современи услови, кои придонесоа за постигнување на поголем успех на учениците.

## II ВОСПИТНА ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### А. НАСТАВА

Наставата по предметите во училиштето се одвиваше според наставниот план за СРЕДНИ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА во двата профили: **Музичар изведувач и Музичар теоретичар** и според наставниот план за уметнички училишта на Р. Македонија.

Наставата предвидена за учебната 2023/2024 год. со физичко присуство во целост беше реализирана до 10 Јуни 2022 за средното образование, и до 14 Јуни за основното образование во теоретскиот оддел предвидена со наставен план,

според изготвените годишни глобални планови, тематските планови и подготовки за самите наставни единици.

Наставата по предметите во теоретскиот оддел успешно ја реализираа наставниците со соодветно образовние, според НОРМАТИВОТ за наставен кадар.

Во текот на учебната 2023/2024 година, придонесот во воспитно образовната работа беше на потребно ниво преку ангажирање на Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Директорот, класните раководители, координаторите на оддели и сите други вработени во доменот на своето работно место и своите работни задачи.

Во текот на годината се реализираа следниве приоритетни задачи :

1. Постигање на трајни знаења и нивна примена;
2. Учество на повеќе јавни настапи, Државни и меѓународни натпревари;
3. Поголема комуникација и почитување помеѓу наставниците;
4. Поголема комуникација и почитување помеѓу наставниците и учениците;

